Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 09.10.2023

На 08.10.2023 во 10.15 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Т.(18) од Куманово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2023 во 19.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.К.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2023 во 16.30 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.З.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2023 во 16.30 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода Б.О.(35) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (08.10.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 408 возачи. Од нив 16 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 260 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 148 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 188 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 100 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, 13 санкции за управување под дејство на алкохол...

Во текот на вчерашниот ден (08.10.2023) во периодот од 17.00 до 21.00 часот Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведоа акциска контрола на територијата на Гостивар, за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 79 возачи, од кои 23 за возење без возачка дозвола, девет за измината важност на сообраќајната дозвола, четири возачи биле без лекарско уверение при вршење на јавен превоз, седум за непропишно вградени фолии (затемнети стакла)... На сите прекршители изготовени им се соодветни поднесоци.

На 08.10.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 20 прекршоци, од кои 13 во населено место и 7 надвор од населено место. На 07/08.10.2023 во времето од 22.00 до 04.00 часот била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. Притоа биле санкционирани 13 прекршоци. Санкционирани биле и 23 други видови на прекршоци, од кои 13 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 3 за возач почетник и 4 за некористење на сигурносен појас.

На 08.10.2023 во 16.30 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека на магистралниот пат Велес-Штип, клучка за с.Каратманово, мотоцикл „сузуки" со светлинколски регистарски ознаки, управуван од Д.А.(36) од с.Ерцелија, светинколско, удрил во овци кои преминувале преку патот и паднал. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Општата болница Велес. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

Денеска (09.10.2023) полициски службеници од СВР Битола- ОВР Крушево го приведоа П.З.(70) од с.Светомитрани, крушевско, поради сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност", односно намерно предизвикување на пожар во с.Светомитрани. Имено, тој бил затекнат во моментот додека пали сува трева во атар на селото. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 288 од Кривичниот законик.

На 08.10.2023 во 03.10 часот во угостителски објект во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Т.Н.(20) од Велес затоа што во објектот послужил со алкохолен пијалок малолетничка од Велес. За настанот бил известен социјален работник и во негово присуство со малолетничката бил извршен службен разговор во полициска станица. Т.Н. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.10.2023 околу 09.15 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Скопје било пријавено дека на 06.10.2023 околу 22.55 часот на затворската ограда било пронајдено шише во кое имало бела прашкаста материја. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 191 возачи. Од нив 138 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 40 санкции се изречени за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 11 за управување возило без возачка дозвола и 2 за нерегистрирани возила.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на викендот (07/08.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 176 возачи, меѓу кои 85 мерки за возење повеќе од дозволената брзина , 28 мерки за возење без возачка дозвола,19 возачи за управување под дејство на алкохол, 17 санкции за непропишно престигнување .Изречени се три санкции за користење на мобилен телефон при возење...

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ѓ.Ф.(40) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.12.2022 во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле таблети со присуство на ЦНС, таблети МДМА и марихуана.

СВР Скопје, поднесе кривична пријава против Д.А.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.03.2023 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин, таблети МДМА и ЦНС.

СВР Скопје – Единицата за недозволена трговија поднесе кривична пријава против Ѓ.М. (35) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 08.12.2022 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле хашиш смола.

На 08.10.2023 во 18.30 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 52-годишниот гостиварец А.С., кој два часа порано бил пријавен од неговата 37-годишна невенчана сопруга дека претходната ноќ, спротивно на нејзината волја, извршил полов напад. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот.

На 08.10.2023 во 22.00 часот во СВР Скопје, М.Ј.(21) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот на подрачјето на Аеродром, по претходна расправија, бил физички нападнат од Б.П. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2023 во 13.29 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„Александар Македонски" во Прилеп настанал пожар во кој горела сува трева, а кој се проширил и целосно опожарил викенд куќа на В.Д.(58). Од екипа на Територијалната противпожарна екипа Прилеп пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема.

На 08.10.2023 околу 21.00 часот во СВР Штип било пријавено дека во атар на с.Куково, пробиштипско, настанал пожар каде горела сува трева. Во пожарот со повреди се здобил Д.М., кој бил пренесен во медицинска установа за укажување лекарска помош. Пожарот бил изгаснат.

На 08.10.2023 во 21.43 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бензинска пумпа во Шуто Оризари во Скопје, едно лице со закана од вработениот одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.А.(42) од с.Блаце, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење". На 21.09.2023 кај место викано „Дупки" во близина на државната граница со Косово, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Долно Блаце при Регионалниот центар за гранични работи Север го забележале пријавениот како од патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, врши истовар на кутии со различни производи за кои не поседува документација.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против правно лице од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 17.05.2023, при изведување градежни работи во с.Радожда, струшко, машини на правното лице оштетиле кабли и настанал пожар во разводен електричен орман поставен на бандера. Од пожарот кој избувнал во орманот и од притисокот била исфрлена вратата на орманот, при што со повреди се здобила Р.С.(45) од с. Радожда, а било оштетено патничко возило кое било паркирано во близина на орманот.

На 08.10.2023 во 23.10 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода В.Б.(43) од Скопје затоа што физички ја нападнал неговата 37 - годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.10.2023 околу 18.35 часот во село Цветово, скопско, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода А.Б.(45) од с.Цветово. Пријавениот од пиштол испукал повеќе куршуми во воздух. Кај него бил пронајден и одземен пиштол „Глок-17" со празна рамка, а на местото биле пронајдени 16 чаури. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Х.И.(57) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешки дела против општа сигурност", а во врска со кривично дело ,,предизвикување општа опасност". На 04.10.2023, по претходна расправија, пријавениот се заканил на неговата сопруга и нејзините синови, а кога таа излегла од домот тој предизвикал пожар.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Умет